Врз основ на чл.25 ст.1 ал.2 од Статутот на РСМ донесен на ден 20.02.2011г. (бр.0903-27 од 30.03.2011г.), Извршниот одбор на РСМ на својата 3-та седница одржана во Штип на ден 26.02.2017 год., подготви:

П Р Е Д Л О Г   П Р А В И Л Н И К

З А

ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ, ДИСЦИПЛИНСКИ САНКЦИИ И ПОСЕБНА ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ПРОТИВ ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗОТ.

Со ПРЕДЛОГ до Собранието на РСМ за негово усвојување и донесување, со следната содржина:

# Р А Д И О А М А Т Е Р С К И   С О Ј У З   Н А   М А К Е Д О Н И Ј А

# П Р А В И Л Н И К

# З А

# ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ, ДИСЦИПЛИНСКИ САНКЦИИ И ПОСЕБНА ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ПРОТИВ ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗОТ.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува Дисциплинската постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на членовите на Сојузот, за нивна сторена повреда на пропишана норма поради непочитувањето или непридржувањето кон утврдените норми од Кодексот на однесување на членовите на Сојузот, како и кон одредбите од Статутот на Сојузот, кои ги донесува Собранието на Сојузот, односно превземање на дејствија и постапувања на членовите на Сојузот спротивни на истите пропишани норми, кои претставуваат основ за утврдување на дисциплинска одговорност на истите, поради која може да им биде изречена дисциплинска санкција и посебна дисциплинска мерка, во постапка и на начин предвидени согласно со одредбите од овој Правилник.

## II. ДИСЦИПЛИНСКИ САНКЦИИ И ПОСЕБНА ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА, ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ДЕЦА - ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗОТ И ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗОТ СО ПРАВО НА ИМУНИТЕТ.

### Член 2

(1) Дисциплински санкции кои може да се изречат против член на Сојузот, поради негови сторени повреди на пропишани норми на однесување се:
- исклучување на член од членување од Радиоаматерски клуб и од Сојузот,
- Опомена и
- Подмирување на паричен износ од 2-два до 5-пет пати поголем од утврдениот износ за годишна членарина, во корист на Сојузот, во рок од 15 (петнаесет) дена по конечноста на Одлуката.

(2) Посебна дисциплинска мерка која може да се изрече е:
- Суспензија на член на Сојузот за учество во активности организирани од Сојузот, во период од 3 (три) до 12 (дванаесет) месеци.

(3) Дисциплинската санкција од ставот 1 ал.1 од овој член, ја изрекува првостепениот орган кој ја води Постапката - Надзорниот одбор на Сојузот, додека пак второстепениот орган - Советот на честа на Сојузот, во постапката по поднесен Приговор против првостепената донесена одлука, може да одлучи да изрече само една од останатите поблаги дисциплински санкции од ставот 1 ал.2 или од ал.3 од овој член кон која може да ја изрече и посебната дисциплинска мерка од ставот 2 ал.1 од овој член.

(4) Кога сторител на повреда на пропишана норма на однесување е дете , односно член на Сојузот кое во време на сторување на повредата не навршило 18 (осумнаесет) годишна возраст, дисциплинска постапка против истото неможе да се поведе и задолжително се известува неговиот родител или старател, поради превземање на мерки за зајакната воспитна грижа и надзор над истото.
(5) На членовите на Собранието на Сојузот, како и на сите членови кои се избрани или именувани од Собранието во органите и телата на Сојузот, загарантирано им е правото на имунитет, во врска со нивни искажани или наведени мислења и ставови при извршувањето на нивните должности, доколку во врска со истото против нив е поведена постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и доколку во постапката пред органот истите се повикале на таквото свое право.
(6) Правото на имунитет е загарантирано и по престанувањето на должноста на членовите на Сојузот од ставот 5 на овој член, за наведените дејствија од истиот став, што ги превзеле во времетраењето на нивниот мандат.
(7) Правото на имунитет од водење на постапка за утврдување дисциплинска одговорност, загарантирано им е и на други членови на Сојузот, на кои според Уставот или Закон донесен во Република Македонија истото им е загарантирано, доколку во постапката пред органот се повикаат на таквото свое право.
(8) Доколку во постапка која се води пред орган на Сојузот против член на Сојузот кому е загарантирано правото од ставовите 5, 6 и 7 од овој член и притоа истиот се повика на таквото негово право, органот ќе донесе одлука со која постапката се запира.
(9) Органот на Сојузот кој ја води постапката против член на Сојузот кому е загарантирано правото од ставовите 5 и 6 од овој член и кој во постапката се повикал на таквото негово право, претходно може да побара од Собранието на Сојузот да донесе одлука со која на истиот член на Сојузот да му биде одземено таквото право поради водење на постапката против истиот. Таквата Одлука на Собранието на Сојузот се смета за донесена, доколку за истата се изјаснило најмалку 2/3 - две третинското мнозинство од вкупниот број на членовите на Собранието на Сојузот.

## III. ПРВОСТЕПЕНА И ВТОРОСТЕПЕНА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА, СО ПОСТАПКА ПО ПОДНЕСЕНО ВОНРЕДНО ПРАВНО СРЕДСТВО – БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА.

### III-1. ПРВОСТЕПЕНА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА.

Член 3

(1) Дисциплинската постапка за утврдување дисциплинска одговорност на член на Сојузот за сторена повреда на пропишана норма во врска со чл.1 од овој Правилник, се поведува по Предлог за поведување на дисциплинска постапка, поднесен од учесници во постапката кои може да бидат: секој член на Сојузот, Претседателот, Потпретседателот и Секретарот на Сојузот, која постапка во прв степен ја води и Одлука по поднесениот Предлог донесува Надзорниот одбор на Сојузот, кој таквата постапка може да ја поведе и по службена должност.
(2) Предлогот задолжително содржи: Назив на органот до кој истиот се поднесува, име и презиме на членот-учесник против кого се поднесува, опис на повредата на нормата на однесување поради што предлогот се поднесува (време, место и начин на сторување на повредата), одредбата во Кодексот или во Статутот во која е пропишана нормата која е повредена, датум и место на поднесување, како и име и презиме на предлагачот и негов своерачен потпис. Кон Предлогот се поднесуваат докази или се предлага изведување на докази во поткрепа кон истиот.
(3) Членот-учесник против кого е поднесен Предлогот, задолжително треба да биде запознаен од првостепениот орган кој ја води постапката, со содржината на истиот предлог и со доказите кон истиот, заради негово писмено или усно произнесување и поднесување или предлагање за изведување докази во своја одбрана пред првостепениот орган, околу наводите што му се ставаат на товар во Предлогот. За усното произнесување на членот-учесникот се составува Записник во кој се нотираат: Составот на членовите на Надзорниот одбор на Сојузот, датумот на

одржување на расправата, содржината на произнесувањето на членот - учесникот, како и своерачните потписи на сите присутни на расправата.

(4) Надзорниот одбор на Сојузот како првостепен орган, постапувајќи и одлучувајќи по Предлогот од став 1 на овој член, може истиот:

- да го отфрли доколку е: неуреден, поднесен од неовластени лица, или доколку од денот на сторување на повредата на нормата од членот - учесник против кого се води постапката, до денот на поднесување на Предлогот до Надзорниот одбор, изминал период подолг од 4 (четири) месеци.
- да ја запре постапката, доколку во текот на првостепената постапката се утврди дека повредата на пропишаната нормата поради која е поднесен предлогот, била сторена во време кое е подолго од периодот од став 4 ал. 1 од овој член, или на членот-учесник против кого истата се води, му престанало членувањето во Сојузот по друг основ од членот 12 ст.1 од Статутот на Сојузот, или членот-учесник се повикал на своето право на имунитет од водење на постапката против него,
- да го одбие како неоснован, или
- да го усвои како основан и против членот-учесник против кого е поднесен предлогот, да утврди негова одговорност за сторена повреда на пропишана норма на однесување и да му изрече дисциплинска санкција - исклучување од членување од Радиоаматерскиот клуб и исклучување од членување во Сојузот од чл.2 ст.1 ал.1 од овој Правилник.

(5)Одлуката од ст.4 од овој член се изготвува во писмена форма и истата ги содржи: Вовед со назив на органот кој ја донесол и персоналниот состав кој одлучувал, со наведување на предлогот и учесниците во постапката, датумот на донесување на одлуката, изрека, образложение со наведување на изведените докази и утврдената фактичка состојба врз која се заснова донесената одлука, правна поука за поднесување на правно средство против одлуката, потпис на овластеното лице и печат на органот.

## III-2. ВТОРОСТЕПЕНА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА.

### Член 4

(1)Против Одлуката од чл.3 став 4 од овој Правилник, учесниците во постапката - членот против кого се води постапката и предлагачот, имаат право во рок од 8 (осум) дена од приемот на истата да поднесат Приговор преку првостепениот орган – Надзорниот одбор до второстепениот орган - Советот на честа на Сојузот, кој пак е должен во разумен рок да донесе своја Одлука по поднесениот Приговор и која Одлука е конечна. Поднесениот Приговор против првостепената донесена Одлука, го одлага нејзиното извршување.

(2)Второстепениот орган – Советот на честа, постапувајќи и одлучувајќи по поднесениот Приговор од став 1 на овој член, може да донесе Одлука, која е конечна и со која приговорот:

- го отфрла или ја запира постапката од истите причини како во чл.3 ст.4 ал.1 и ал. 2 од овој Правилник, односно постапката се запира секогаш доколку се утврди дека од денот на сторување на повредата на пропишаната нормата од членот-учесник против кого се води постапката, до денот на одлучувањето на Советот на честа по поднесениот Приговор, изминал период подолг од 8 (осум) месеци.
- го усвојува како основан и ја поништува донесената првостепена Одлука, при што може да одлучи првостепената одлука и списите, да ги врати на повторно постапување и одлучување пред првостепениот орган, со укажување какви потребни дејствија да се превземат во повторената постапката пред истиот,
- го одбива како неоснован и ја потврдува донесената првостепена Одлука и
- го одбива како неоснован по однос на одговорноста на членот-учесникот против кого се водела постапката и ја преиначува донесената првостепена Одлука само во поглед на изречената санкција, изрекувајќи поблага санкција кон членот-учесник во постапката и тоа: Опомена или пак подмирување во определен рок на паричен износ од два до пет пати поголем од утврдениот износ за годишна членарина, во корист на Сојузот, во рок од 15(петнаесет) дена по конечноста на Одлуката. Кон една од изречените поблаги санкции второстепениот орган може да изрече и посебна дисциплинска мерка и тоа: Суспензија за учество во активности организи-

рани од Сојузот, во период од 3 (три) до 12 (дванаесет) месеци.

IV. ПОСТАПКА ПО СТОРЕНИ ПОВРЕДИ - НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКА ПО ИЗРЕЧЕНА ДИСЦИПЛИНСКА САНКЦИЈА И НЕПРИДРЖУВАЊЕ КОН ИЗРЕЧЕНА ПОСЕБНА МЕРКА СПОРЕД ДОНЕСЕНИ КОНЕЧНИ ОДЛУКИ.

Член 5

(1)Доколку членот-учесникот кому со конечна Одлука изречена му е дисциплинската санкција од чл.2 ст.1 ал.3 од овој Правилник, не ја исполни својата обврска според истата во корист на Сојузот, или пак превзема активности спротивни на изречената посебна мерка од чл.2 ст.2 ал.1 во определениот временски период според Одлуката, Надзорниот одбор на Сојузот по службена должност ќе донесе Одлука со која на истиот ќе му ја изрече дисциплинската санкција од чл.2 ст.1 ал.1 од овој Правилник - исклучување на член од Радиоаматерски клуб и од Сојузот. Против таквата Одлука, членот-учесникот против кого истата е донесена, има право во рок од 8 (осум) дена од приемот на истата, да поднесе Приговор преку Надзорниот одбор до Советот на честа на Сојузот, чија пак Одлука донесена во разумен рок во постапката по поднесениот Приговор е конечна. Поднесениот Приговор против донесената Одлука, го одлага нејзиното извршување.

(2)Во постапката од став 1 од овој член, првостепениот орган – Надзорниот одбор и второстепениот орган – Советот на честа, по службена должност внимаваат на истите рокови како во чл.3 ст.4 ал.1 и чл.4 ст.2 ал.1 од овој член, а кој рок се смета од времето на ново сторената повреда, која се состои од неизвршување на обврската или постапување спротивно на изречената посебна мерка на членот-учесникот, против кого претходно била водена постапка и била донесена конечна Одлука, по што органите донесуваат соодветни одлуки.

V. ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ.

Член 6

(1)Одлуката за исклучување од членување од чл.12 ст.1 ал.4 од Статутот на Сојузот, по службена должност ја донесува Надзорниот одбор на Сојузот, по претходно доставена покана до членот на Сојузот, со јавно објавување на соопштение преку интернет веб страницата на Сојузот, со кое истиот се поканува во определен рок да ја регулира предметната обврска, во корист на Сојузот, а кој истото не го сторил според рокот определен во јавната покана.

(2)Против Одлуката од ставот 1 на овој член, членот на Сојузот против кого е донесена одлуката, има право во рок од 8 (осум) дена од приемот на истата да поднесе Приговор преку Надзорниот одбор на Сојузот до Советот на честа, чија пак Одлука донесена во разумен рок во постапката по поднесениот Приговор е конечна. Поднесениот Приговор против донесената Одлука, го одлага нејзиното извршување.

VI. ПОСТАПКА ПО ПОДНЕСЕНО ВОНРЕДНО ПРАВНО СРЕДСТВО – БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА.

Член 7

(1)Собранието на Сојузот одлучува по поднесено вонредно правно средство – Барање за заштита на законитоста, заради испитување на законитоста на водењето на постапките како и за донесените одлуки од чл.4, 5 и 6 од овој Правилник, против која донесена одлука на Собранието, неможе да се поднесе правно средство и која е обврзувачка за сите учесници во постапката. Барањето се поднесува од учесни - ците во постапката до Собранието, во рок од 30 (триесет) дена од конечноста на одлуката против која истото се поднесува.

(2)Собранието на Сојузот кога одлучува по поднесеното вонредно правно средство – Барање за заштита на законитоста против донесена конечна одлука на органите на Сојузот,може да донесе одлука со која Барањето:

- го отфрла како: ненавремено, неуредно или како поднесено од неовластено лице,

- го усвојува како основано и да ја преиначи конечната одлука, или пак да ја поништи конечната одлука на органот, при што може конечната одлуката со списите да ги врати на второстепениот орган на повторно постапување и одлучување, со укажување какви потребни дејствија да се превземат во повторената постапката пред истиот,
- го одбива како неосновано.

## VII. ИЗВРШУВАЊЕ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ ДИСЦИПЛИНСКИ САНКЦИИ И ПОСЕБНИ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ.

### Член 8

(1) Извршувањето на санкциите и мерките, правата и обврските, според донесените одлуки на органите на Сојузот според овој Правилник, настапуваат од денот на конечноста на истите одлуки.

(2) Членовите на Сојузот на кои со конечна Одлука донесена од Органите на Сојузот изречена им е дисциплинска санкција и посебна дисциплинска мерка во смисол на чл. 5 од овој Правилник, должни се самите доброволно да ги исполнат обврските, да постапуваат и да се придржуваат кон изреките од истите донесени одлуки, а во спротивно против истите ќе биде поведена постапката предвидена од истиот член од овој Правилник.

## VIII. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПИСМЕНАТА ОД ОРГАНИТЕ ДО УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА.

### Член 9

(1) Органите на Сојузот кои ја водат постапката според овој Правилник, го вршат доставувањето на писмената до учесниците во постапките, по правило, непосредно и лично на учесниците, со нотирање на датумот на врачување на писмената и со потписи на доставувачот и примачот, доколку истите се лично присутни во просториите на органот.

(2) Доколку учесниците не се лично присутни во просториите на органот, тогаш доставата на писмената до нив се врши преку пошта, означено на нивната адреса на седиштето, живеалиштето или престојувалиштето и тоа со препорачана пратка со повратница.

(3) Во случај на неуспешна достава на писменото до учесник во постапката преку пошта, писменото може да се објави со соодветно соопштение со јавна објава на интернет веб страницата на Сојузот, во посебно наменета рубрика и со точно означен датум на вршење на објавата, со што се смета дека доставувањето на писменото до учесникот во постапката е уредно извршено.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ.

### Член 10

(1) Овој Правилник влегува во правна сила со денот на неговото донесување, а отпочнува да се применува од 8-от ден од денот на неговото влегување во правна сила.

(2) Со денот на отпочнување со примена на овој Правилник, престанува важноста на постоечките прописи со кои се регулирала истата материја.

(3) Овој Правилник задолжително се објавува на интернет веб страницата на Сојузот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО
Миле Кокотов / Z33T

____________________

Во Штип,
на 26.02.2017г.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР

Миле Кокотов / Z33T

____________________